*Изложби*

# „Македонија во мислите“

## Кон изложбата на Милош Коџоман во КИЦ

БРАНКО ГАПО

Во почетокот на ноември ми се јави Милош по телефон и ми кажа дека на 28 ќе има изложба и дека посакува јас да ја отворам.

Дадов согласност да одам кај него во ателје и да ги погледнам сликите што ќе бидат изложени на изложбата. Меѓутоа, сепак се запрашав зошто токму јас, при евидентното постоење на значајни и докажани толкувачи и естетичари на богатото македонско ликовно творештво и посебно на творештвото на мојот драг пријател Милош Коџоман.

Милош Коџоман и неговото творештво ги познавам уште од зачетоците, од 70-те години, од времињата на „дрогите“ со надреални и сурови теми на жесток надреализам, на аморфни маси и распаѓање, на наркоманска психијатрија и на сурова фантастичен реализам. Во тие времиња со влијанието на експресионизмот врз него, ги паметам широките потези со боите, исколчените, ромбоидни фигури, простори на човек машина - машина човек; а сето тоа и денес ме потсетува на Чаплин и неговите „модерни времиња“.

Но, во годините што минуваа, во сликарството на Милоша, не беа само демоните во неговите слики, изместеноста, суровоста и морбидноста. Сè уште ги паметам безбројните портрети на неговите пријатели и луѓе блиски, портрети на неговат фамилија и чудесниот портрет на неговата мајка. Неизбежно е да ја паметам и неговата агилна преокупација со куклите, да го паметам тоа ретко волшебство создавано преку рацете на Милош Коџоман.

Дневната критика и периодиката забележуваше тогаш некој блискости со Грос, со де Кирико, со Дали, блискост со татко му - Вангел Коџоман, што за мене е нормално. Но, познавачот на неговото дело, почитуваниот Владимир Величковски, во една пригода ќе напише дека, во сето тоа, сепак се наоѓа Милош „во контурната линија и во строгата тонска мелодија“.

Стапив во неговото ателје. Сакам веднаш да ви кажам дека во овие налудничави времиња во кои живееме, полни со злокоба за ден утрешен, или задутрешен, како траен одблесок од зрак на полна светлина од бои на животот, предмене се отвори панорама од слики со наслов „Македонија во мислите“. Очите ми се запреа на една цврста, можам слободно да кажам - филмска целина, во неповторлив спој на нештата прикажани во платната на Милош Коџоман. Сознанијата во мене, за новиот сликарски циклус на Милош, течеа без ред, но ја чувствував хармонијата на она што го гледав пред себе.

Големиот трагач и авангарден двигател Милош Коџоман, со овој циклус се враќа кон корените на Македонија, кон нејзината земја, кон нејзиниот етнос и фолклор, кон боите што величествено ја дополнуваат формата и жанровски, како на филм, ја градат дадената тема. Неговото враќање кон македонските корени во мислите, не е враќање кон минатото. Тоа е сега враќање на цврста и плодна земја, со житие на стамени жени и мажи, на жени со сета стојност во разголената убавина на телото и плосноста окружена со зрело жито, калинки, тутун и афион; со живеење во везот и ракотворбите. Сето, нагласувам пак, со јаки бои и не случајно одбрано црвено, жолто или темно сино.

Во тоа, кај Милош Коџоман, светлината на бојата е некаде во планините, кои се декоративен елемент, подеднакво јасно поставен во секоја слика од тој монтажен филмски приказ на милошевите македонски судбини во мислите. Затоа, луѓето, особено жената, се поставени контра светосните извори и со тоа бојата ја добива својата потполна артифицијелна колоритност. Реалноста на цртежот е полн со експресија. Алегоријата од забележаниот настан не е мистично темна, цинична и саркастично навредлива. Кај Милош Коџоман, во неговиот чудесен реалистичен експресионизам - алегоријата е блискост, топлина во односот и еротската покажаност на жената и тогаш; кај мене, на повидок е чудесно претчувство кога се гледаат само пејсажите на Милош Коџоман...

Во тој вид сликарство, мнозина знаат што оставиле големите македонски мајстори Личеновски, Аврамовски, Вангел Коџоман и многу други. Гледајќи ги пејсажите на Милош, во целината на циклусот, се присторува дека во него во несекојдневната густина на боите од сончогледот или афионот, во тие слики „ќе влезат“ и ќе бидат составка: Атанас и Евдокија, во нив ќе ги покаже боските гроздоберката, или ќе сонува топло разголената убавица.

Платната од циклусот „Македонија во мислите“ се спомени со единствен низ во големото филмско платно на Милош Коџоман и претставуваат една неповторлива творечка и визуелна целина. Сопствен и неприкажан од други сликари, овој циклус на Милош Коџоман ја потврдува неговата зрелост и самостојност. Вечниот трагач е градител. Некој ќе рече: „Новите сликарски генерации ќе има на кого да се повикаат и загледуваат“.

Во таа насока, не случајно, Милош, ќе го забележи разговорот со Клод Робер на прашањето зашто е тој избран меѓу толку сликари? Одговорот на Роберт е дека ликовите и стилот на Милош не може да ги најде во лексиката и дека тој едноставно незнае од каде Милош „кradел“.

Мислам дека овие зборови кажуваат повеќе од многу нешта. Вангел Коџоман е легенда и вистината на македонското сликарство, а Милош Коџоман е негов син. Но, за мене, голем сликар на татко сликар: самостоен, личен, неповторлив, авангарден творец на авангардната уметност. Милош Коџоман има сопствен пат, можеби изоден из бури и премрежја, но јасно поставен и достоинствено покажан во „Македонија во мислите“. Практично се облагороди мислата на Ласло Пеке, објавена во „Утрински весник“ дека „човек треба да има нов ум, револуционерен, па и најстарата техника ќе стане радикална и многу модерна“.

Така, циклусот слики на Милош Коџоман „Македонија во мислите“ е реален и неповторлив, со изрази и симболи кои ќе опстојуваат вечно. Нивната генетичка структура е втемелена трајно во нашето постоење. Тоа е и општо човеково благо, видливо и разбирливо за сите меридијани.

*Одбележани Денови на Македонското радио*

# Беше да не се повтори

Деновите на Македонското радио, одржани деновиве во реномираниот хотел „Молика“ на Пелистер, поминаа во знакот на општ организациски хаос на актуелната повеќегодишна раководна гарнитура на Здружението на локалните радиостаници во Македонија. Јубилејот го искористија за бесплатен луксузен одмор, доделувајќи си скапоцени награди и златници за досегашните свои „големи заслуги“? Се расположија комотно во хотелот, а за оние кои дојдоа за натпреварот на свој трошок со новинарски трудови немаше место ниту во собите, ниту во салата за јадење. На реагирањата следуваше одговорот на организаторите дека не сме Американци сè да биде в ред, туку сме си Балканци. Важно е да се дружиме.

Жири комисиите беа посебна приказна за себе. Содржините на емисиите толку не одговараа на префинетите градски вкусови на одделни членови на комисиите, како што беше случајот со претседателот на Комисијата за телевизиска продукција, господинот Мишо Нетков, инаку МТВ-овски моќник, кој толку „оправдано“ се изнервира што гледа некакви селски емисии, па си зазеде мудар став повеќе да не обрнува внимание. Само е нејасно колку толку „светскиот“ господин Нетков се нашол како оценувач на едни Денови на Македонското радио каде се натпреваруваат таму некакви провинцијалци, кои се дрзнале да прават документарки и репортажи. Имаше и помалку „светски“ емисии, па еден дел од наградите дојдоа во вистински раце. И сè би било в ред да не беше господинот Благоја Шундовски, инаку директор на РТВ Демир Хисар, кој иако нема радиовесник сепак ја доби наградата за најдобар водител на радиовесник. Овој пат си посака човекот ваква награда и си ја доби. За господинот Шундовски нема желба, во Здружението која не може да му се исполни. Не му пречеа и дофрлувањата УУ-АА од страна на колегите, па со своите „бисери“ беа главни забавувачи на манифестацијата, досега видено и доживеано, богами и добро напатено.

Беше, да не се повтори. (Л.С.)

Концерт

## *Балканска камерна музика*

Вечерва, во Музејот на град Скопје со почеток во 20 часот, во организација на Балканскиот музички форум, ќе се одржи концерт на Балканска камерна музика. Вечерашниов концерт е посветен на камерното творештво на автори од балканските земји. Ќе бидат изведени дела од македонските композитори Стојан Стојков и Ристо Аврамовски, од композиторот Шптим Кушта од Албанија, Георги Костов од Бугарија, Димитри Сукиас од Грција, Владимир Тошиќ од СР Југославија, Дан Дедиу од Романија и Хасан Укарсу од Турција. (Т.И.)

Промоција

## *Дело од Поленаковиќ*

Денес со почеток во 12 часот во Салата за промоции на НУБ "Св. Климент Охридски" во Скопје ќе се одржи промоција на книгата "Во мугрите на словенската писменост" од Харалампие Поленаковиќ. Промоцијата е во организација на Народната и универзитетска библиотека, семејството Поленаковиќ и издавачот на книгата ЕИН СОФ,Скопје, а изданието ќе го претставаат академик Матеја Матевски и проф. д-р. Томе Саздов. (Н.П.)